**20120330939**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Врз основа на член 13 став 7 од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11 и 185/11), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ НА ПИСМЕНИОТ ДЕЛ ОД СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ПРОЦЕНУВАЧИ НА ДОБРАТА И ВЛИЈАНИЈАТА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодирање на писмениот дел од стручниот испит за проценувачи на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина.

Член 2

(1) Писмениот дел на стручниот испит за проценувачи се состои од два дела и тоа: тест и изработка на практичен пример од соодветната област кои се бодираат со определен број бодови.

(2) Бодирањето на тестот се врши на одговорите кои се заокружени како еден од веќе понудените одговори или на дадениот одговор на поставените прашања.

(3) Тестот од писмениот дел од стручниот испит за проценувачи се состои од 35 прашања од следните области:

- три прашања од областа на Законот за процена;
- петнаесет прашања од областа на животната средина;
- петнаесет прашања од областа на методи на процена и
- две прашања од областа на извештај за процена.

(4) Секое прашање од областите од став 1 алинеја 1 и 4 од на овој член се вреднува по 2 бода.

(5) Секое прашање од областа од став 1 алинеја 2 и 3 од на овој член се вреднува по 3 бода.

(6) Кандидатот може да добие најмногу 100 бода на тестот.

Член 3

Кандидатот се смета дека го положил тестот ако вкупно има најмалку 65 бода и тоа најмалку половина од бодовите за секоја област од член 2 став 1 алинеи 2 и 3 од овој правилник.

Член 4

(1) Вториот дел од испитот се состои во решавање на два примера од областа на процената на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина. Секој пример се вреднува со 50 бода така што вкупниот број на бодови на тестот изнесува 100 бода.

(2) Кандидатот се смета дека го положил практичниот дел од писмениот испит ако има најмалку 75 бода од вкупните 100 бода.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1534/3
28 февруари 2012 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Абдилаќим Адеми**, с.р.